# СООПШТЕНИЕ

## УЧИЛИШЕН ЛИТЕРАТУРЕН И ЛИКОВЕН КОНКУРС

По повод Патронот празник на училиштето, ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје распишува литературен и ликовен конкурс на тема **„75 години, горди на името твое“**.

Право на учество имаат учениците од ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје.

Конкурсот е отворен од 02.04.2020 до 23.04.2020 година.

**Литературните творби** можат да бидат напишани во стих или проза, а ќе учествуваат ученици од III – IX одделение. Творбите треба да бидат напишани во word документ, текстот да биде пишуван со македонска поддршка и задолжително да се наведе шифра и одделение на ученикот.

**Ликовните творби** можат да бидат изработени со користење на различни ликовни техники, а ќе учествуваат ученици од I – IX одделение. Изработените цртежи треба да бидат убаво скенирани или фотографирани со добра резолуција и не смеат да бидат дигитално обработувани. Цртежите треба да бидат именувани со шифра и одделение на ученикот.

Ученичките ликовни и литературни творби треба да се испраќаат по електронски пат на следнава e-mail адреса ucilisenkonkurs.mirce@gmail.com

За секоја творба испратена по електронски пат, испраќачот ќе добие писмена повратна информација со потврда за примен цртеж или литературна творба.

Потоа училишните комисии ќе ги разгледуваат пристигнатите творби и ќе изберат најуспешни ликовни и литературни творби.

Најуспешните творби ќе бидат објавени на училишната веб страна на 27.04.2020 година, а учениците ќе добијат дипломи од училиштето.

***ДРАГИ УЧЕНИЦИ,***

***СЕДЕТЕ ДОМА, ЧУВАЈТЕ ГО СВОЕТО ЗДРАВЈЕ,***

***ТВОРЕТЕ И УЧЕСТВУВАЈТЕ НА УЧИЛИШНИОТ КОНКУРС!***